Врз основа на член 97 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15 и 65/18), министерот за одбрана донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИСПРАВКА НА ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ОЦЕНУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА, ИЗВЕШТАИТЕ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ЕФЕКТОТ НА УЧИНОК, ОБРАЗЕЦОТ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ И НАЧИН НА РАБОТА НА ОВЛАСТЕНИОТ ОДБОР ЗА ПРЕИСПИТУВАЊЕ НА ОЦЕНКАТА ВО ПОСТАПКА ПО ЖАЛБА

Член 1

Во Правилникот за начинот на оценување на вработените во Министерството за одбрана, извештаите за следење на ефектот на учинок, образецот за оценување и начин на работа на Овластениот одбор за преиспитување на оценката во постапка по жалба бр. 01 – 876/1 од 11.03.2025 година (во натамошниот текст: Правилник), се врши исправка во преамбулата поради направена техничка грешка при нумерирање, односно:

- зборовите „член 63, член 64 и член 65“

- се заменуваат со зборовите: ,,член 62, член 63 и член 64“.

Член 2

Исправката има правно дејство од денот кога произведува правно дејство Правилникот бр. 01 – 876/1 од 11.03.2025 година.

Член 3

Останатите одредби од Правилникот бр. 01 – 876/1 од 11.03.2025 година остануваат непроменети.

Изработила: Елена Иванова
Согласна: Ирена Станковска
Одобрила: Елизабета Чуповска Ристова

Бр .01 – 876/2
11.04.2025 година

Министер за одбрана
с.р. Владо Мисајловски